# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРАВО НА ДОГОВОРИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПРОМЕТ” ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ДРАШКО АТАНАСОСКИ И АСС.ДОКТОРАНД М-Р АНЕТА СТОЈАНОВСКА-СТЕФАНОВА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 202-507/6 од 142. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика одржана на _28.10.2015__ година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Неда Петреска Ангеловска, вонреден професор на Економски институт на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје;
– д-р Марија Ацковска, вонреден професор на Економски институт на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје,

за изготување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Право на договорите во меѓународниот промет**” од **авторите доц. д-р Драшко Атанасоски и асс.докторанд м-р Анета Стојановска-Стефанова** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Реафирмацијата на пазарот и пазарното стопанство во осамостојувањето на Република Македонија пред стопанските субјекти постави нови задачи. Нивниот досегашен ангажман само исклучително ги надминуваше границите на бившата југословенска територија, при што односите беа далеку од пазарното стопанисување. Промената на политичкиот систем нужно ја наметна потребата и од промени во економскиот систем, кој не може да постои без промена во трговското работење и неговата ориентација кон светскиот пазар. Таа е единствената алтернатива за приклучување на македонското стопанство во светски економски токови и вклучување во светската поделба на трудот со цел за надминување на летаргичната состојба што ја зафати сферата на производствово и прометот во нашата земја.

Но, за реализација на прометот со стоки и услуги како финализирање на секој производствен процес, потребно е истиот да се нормира со правни инструменти. Такви инструменти претставуваат договорите во меѓународниот промет со кои се конкретизираат сите активности на субјектите во прометот со стоки и услуги. Тие се најважниот инструмент во прометот, затоа што сите други инструменти кои се применуваат во реализацијата на прометот, како што се царинските, девизните, инструментите за административна регулатива итн. се само последица на договорите во меѓународниот промет.

За правно нормирање на договорните односи со странски елементи во областа на прометот, Република Македонија создаде и правни претпоставки. Таа донесе прописи со европското право од областа на надворешни-трговското работење, странските вложувања, модерен Цармински закон и Закон за царинска тарифа, за девизното работење, за кредитните односи со странство, со засилен од ја спроведува трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, склучи повеќе билатерални и мултилатерални спогоди во областа на трговијата и царините, се зачлени со повеќе меѓународни асоцијации итн.

Целта на овој труд е што потемелно да се прикажат договорите во меѓународниот промет како правен инструмент во надворешно-трговското работење на сите оние кои се занимаваат со овој дел на правото, како и на субјектите на кои правото не им е основно занимање, но договорите ги користат во нивната практика. Трудот има посебна специфична тежина со оглед на тоа што е приспособен на поширокaта и поразновидна публика на читатели. Истиот сигурно ќе предизвика интерес кај студентите кои ја изучуваат оваа материја во рамките на економските и правните студии, кај теоретичарите и кај практичарите кои се занимаваат со оваа проблематика, а особено кај субјектите од стопанството од надворешно-трговско работење.

Низ прикажаните договори во меѓународниот промет авторите се потрудија читателите да добијат знаење, како за видовите договори во меѓународниот промет и нивните спецификации, така и за меѓународните трговски односи, односно нивно подведување под соодветна форма на договор. Трудот договори во меѓународниот промет треба да им овозможи на читателите, како волјите на субјектите во меѓународниот промет да се преточат во правни норми – во конкретен договор.

Во објаснувањето на секој конкретен договор применета е компаративната метода на проучување на договорот и неговата нормативност во домашното право, другите национални права и степенот и видот на неговата унификација низ формите на регионалните и светски асоцијации. Тоа е неминовна потреба од причини што на договорните односи во меѓународниот промет се применува правото на нашата држава, правото на другите странски субјекти, Правото на договорите во меѓународниот промет кое со засилено темпо се профилира со неговата унификација низ трговската практика и меѓународните институции или други правни извори кои ги избрале субјектите по принципот на автономија на волјите.

Во изборот на конкретни договори во меѓународниот промет и примерите од практиката и обрасците, авторите пред сè раководеле од потребите на студентите кои ја изучуваат оваа материја, како и барањата на нашите стопанственици. Токму затоа во трудот од мноштво форми и модалитети на договори во меѓународниот промет се обработени оние кои егзистираат во меѓународниот промет кој е предмет на нашето стопанство во увозот и извозот.

Особено сметаме дека примерите на договори и обрасци за практичната примена во изготвување на сите видови договори во меѓународниот промет ќе им помогнат на сите кои учествуваат во бизнисот со странски партери. Затоа, трудот „Право на договорите во меѓународниот промет“ со задоволство на сите им го препорачуваме.

Во контекст на горенаведеното, авторите обработуваат теми преку задачи и прашања така што студентите ќе се стекнат со потемелни знаења од сферата на меѓународниот правен промет и ќе се оспособат за поефикасно извршување на конкретните задачи во реалноста.

Така, со соодветна обработка на проблематиките и значењето на меѓународните договори во денешно време, преку примери и разработка на клаузули, експликации за нивно решавање во случај на спор. Авторите на практикумот прават значаен чекор за потемелно запознавање на студентите со причинско-последичните врски преку студии на случај, теории и проценки за правно надминување согласно востановените правила.

Практикумот е подготвен за потребите на студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, за студиската програма на Бизнис логистика, конкретно за предметот Договор за меѓународен промет во наставните центри во Скопје и во Гевгелија, каде што овој предмет е застапен во V семестар. со неделен фонд на часови 3+2+2.

**Податоци за обемот ракописот**

Проблематиката која е предмет на обработка во практикумот е претставена преку примери, задачи, проблематики, прашања и одговори, во текст од вкупно 200 страници, во кои се содржани и библиографски единици, периодични списанија. Начинот на кој се поставени задачите, примерите, прашањата поткрепени со табели и графикони ќе помогнат во доближување и поедноставно претставување на материјата до студентите. Трудот е

пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 12. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Рецензентите немаат сознание дека постојат книги со ист наслов, имаат сознание за постоење на книги со сличен наслов. Но, иако на некои факултети во земјава има трудови со слични наслови, сепак впечатокот е дека студентите се запознаваат со материјата повеќе информативно и низ примери, а не суштински и низ актуелноста на современите меѓународни односи и регулативи, што е основа за ново критичко опсервирање на настаните во сферата меѓународниот промет во овој практикум. Овој недостаток, како и измените на законската регулатива и стекнатите обичајни практики во 21 век се дополнува со изборот на темите и начинот на обработката.

Со ваквиот пристап се прави чекор кон покомплексен приод на сферата на меѓународните односи и кон нејзината актуелност некогаш и денес, што резултира со сублимат на теории, практики и искуства. Впрочем, во тоа се содржи и оправдувањето да се одобри овој практикум.

**Краток опис на содржината**

Во првото поглавје на практикумот фокусот е насочен кон најважниот договор во прометот на стоки и услуги во внатрешниот и во меѓународниот промет е договорот за купопродажба.

Договорот за купопродажба претставува најважен договор во областа на прометот на стоки: без продажба не е можна размената на стоки. Страните пристапуваат кон склучување на ваков вид договор кога сакаат да се стекнат со сопственост над определен предмет или право (во случај на купувачот), односно кога сакаат да го отстапат она што го поседуваат или произведуваат, за да добијат пари (во случај на продавачот). Тоа е договор со кој продавачот се обврзува предметот кој го продава да му го предаде на купувачот, така што купувачот да стекне право на сопственост врз предметот, а купувачот од своја страна се обврзува да му ја плати на продавачот цената за предметот.

Договорот за купопродажба е консензуален (се склучува со постигнување на согласност на странките за предметот и цената), двострано обврзувачки (и за продавачот и за купувачот настануваат права и обврски), каузален (целта му е да се пренесе правото на сопственост и да се прибави цената), по правило неформален освен кога изречно е пропишана одредена форма (за продажба за недвижнини). Тој секогаш се склучува како главен договор, а кон него може да се склучат и други што го следат (пр. заштитна гаранција, залог, контрола на квалитет и др.).

Законот за облигационите односи не ја регулира меѓународната продажба на стоки, меѓутоа со ратификација на одделни меѓународни конвенции, нивните одредби станаа дел од внатрешното право, така што тие конвенции треба да се имаат предвид за односи настанати со меѓународна продажба на стоки.

Битни елементи на договорот за купопродажба се:

1. Предмет (предметот мора да е во промет, подвижни и недвижни ствари, иден предмет)
2. Цена (мора да е определена или определива).

Непостоење на некој од тие елементи го прави договорот ништовен.

Права и обврски на договорните страни:

Продавачот е должен да му го предаде предметот на купувачот, во време и на место предвидени со договорот.

Ако местото на предавање на предметот не е определено со договорот, а според договорот е потребен превоз на стоката, се смета дека предавањето е извршено со давање на предметот на превозникот или шпедитерот. Предавањето е битен момент затоа што од тогаш ризикот од пропаѓање на стварта преминува од продавачот на купувачот. Но според претходното, Законот за облигациони односи се потрудил да ги уреди случаите кога договорните страни ништо не предвиделе за местото на предавање на стварта. Тоа значи дека местото на извршување не е битен елемент на договорот.

Времето на исполнување може да е суштествен елемент, но и не мора. Ако не е определен датумот предметот се предава во разумен рок по склучување на договорот. Страните, секако, треба да го договорат рокот затоа што тешко се определува што е тоа разумен рок.

Трошоците на предавањето на стварта по правило паѓаат на товар на продавачот. Во меѓународна продажба трошоците за испорака и прием на стоката се уредуваат со транспортни клаузули INCOTERMS кои вообичаено странките ги ставаат во договорните одредби.

Ако не се договориле поинаку ЗОО предвидува дека продавачот не е должен да му го предаде предметот на купувачот ако тој истовремено не ја плати цената, а купувачот пак не е должен да ја плати цената пред да го прегледа предметот. Во современиот трговски промет ова правило е, всушност, исклучок, затоа што вообичаено прво се испорачува стоката па се дава фактурата која купувачот ја плаќа во договорениот рок (или во законскиот рок од 8 дена).

Време и место на плаќање на цената. Ова не се задолжителни елементи и во случај да не е договорено ништо или не постои обичај, плаќањето се врши во време и во место во кое се врши предавањето на стоката. Ако не мора да се плати во моментот на предавање на стоката, тогаш цената се плаќа во седиштето на продавачот.

Одговорноста за материјалните недостатоци на стоката, по правило, е на продавачот, освен ако на купувачот не му биле познати недостатоците или пак забелешките при приемот не му ги соопштил веднаш на продавачот. Продавачот одговара и за скриени недостатоци што ќе се покажат на стоката во рок од шест месеци од предавањето на стоката, освен ако во договорот не се договориле поинаку. Ако купувачот не го извести продавачот веднаш без одлагање по откривање на скриениот недостаток, го губи правото да се повика на недостаток. Договорот може да содржи и многу други одредби за одговорности на договорните страни, за нивни права, одредби за гаранција, одговорност за правни недостатоци, за надомест на штета. Дали ќе има такви одредби зависи од волјата на странките, но и од природата на договорот. За сè друго важат правилата на меѓународното право и националните закони. Понатаму следуваат и останати примери на договори од меѓународен промет како што се договорот за купопродажба на енергија, за лиценца, за know – how (да се знае како), договор за кооперација, договор за лизинг, договор за франшизинг, договор за бартер во меѓународен промет, за лон, за инвестициона изградба, за комисион, за трговско застапување, договор за шпедиција, договор за складирање, неколку видови на договори за различни видови на превоз, за алотман и за факторинг. Студентите преку примерите кои се разработени во различните глави треба да разберат дека договорите во меѓународниот промет многу ги олеснуваат односите помеѓу странски компании или државите. Со имплементација на правилата на меѓународните договори и со креирањето на договори кои ги содржат тие правила може да се дојде до конкретен договор во кој интересите на сите страни би биле запазени. Со користењето на правилата за креирање на договори во меѓународниот промет се добива определена конкретна форма на договор во кој внимателно ќе бидат запазени законите и правилата на две држави кои склучуваат договор или правилата и законите на две фирми од различни економии кои би склучиле договор. Писмените договори се неопходни со цел за да се запази автентичноста на карактеристиките на тој договор, бидејќи доколку договорот не е во писмена форма нема да може двете договорни страни пред надлежниот орган да ги претставаат своите права, обврски и интереси.

## З А К Л У Ч О К

Значајноста на трудот на д-р Атанасоски и м-р Стојановска-Стефанова се огледа во темелноста и сеопфатноста на значајноста на правото на договорите во меѓународниот промет во ера на силна економска конкуренција на национално и глобално ниво преку решавање на примери и задачи. Тешко е да се определи точниот број на договори кои постојат во меѓународниот промет. Со развојот на општествено-економските односи и

со развојот на меѓународната трговија постојано се појавуваат нови видови и форми на договори со кои се регулира меѓународната трговија. Секој вид на договор како правен акт во себе содржи елементи од други договори кои го надополнуваат договорот и му даваат подлабоко значење. Договорите во меѓународниот промет не би можеле да постојат и да се реализираат без постоењето на правните правила, коишто ги регулираат меѓународните економски односи, односно нивното склучување би било беззначајно. Со оглед на тоа што од година во година е сè поголем бројот на склучување на договорни односи, каде што еден од субјектите е странско лице или објектот се наоѓа во странство, од исклучителна важност е запознавањето со ваквата материја. Препорачливо е компаниите да соработуваат и со експерти, консултанти, асоцијации, секторски здруженија и со Стопанската комора на Македонија. Општо е мислењето дека и кога ќе се произведе тоа што е планирано, со конкурентен квалитет, и ако за тој производ е постигнат договор за продажба и се испорача на партнерот на меѓународниот пазар со задоволителна цена и постигнат профит од зделката, работата не е завршена ако целокупната активност не е проследена со соодветни меѓународни трговски, финансиски и царински документи. Глобалната меѓународна трговија во светот е регулирана со одредбите и начелата на УНКТАД, Светската трговска организација и со Општата спогодба за царините и трговијата, каде што важат начелата за недискриминација во трговијата, со клаузулата за најповластена нација и клаузулата за националниот пристап, начелото за транспарентност и предвидливост на трговските политики и начелото за натамошна либерализација и сè полесен пристап на пазарите. Трудот помага да се запознаеме со дел од договорите во меѓународниот промет и воедно студентите да ги воочат разликите и начинот на уредувањето на договорите. Опфаќањето на примери од различни типови на договори во различни области на меѓународниот промет е со цел да се запознае читателот со договори кои имаат различен пристап и начин на подготовка и реализација, понатаму да се спознае регулирањето на обврските или задолженијата помеѓу страните во договорите. Потребно е договорите да ги опфатат сите аспекти за регулирање на обврските, бидејќи со тоа ќе се постигне секоја од страните потписнички на договорот да се придржува кон одредбите на договорот, во спротивно би дошло до судска разрешница или раскинување на договорот на штета на страната која не ги исполнува преземените обврски. Токму затоа, се наметнува заклучокот дека договорите се многу важен правен инструмент на движењето на стоките како во домашниот така и во меѓународниот промет.

Во контекст на горенаведеното, авторите придонесуваат студентите да се стекнат со потемелни знаења од сферата на меѓународното право и меѓународните односи и да се оспособат за поефикасно извршување на конкретните задачи во реалноста преку креирање на договори кои ќе се издржани, со соодветни правни клаузули и спроводливи во пракса. На овој начин авторите на практикумот прават значаен чекор за потемелно запознавање на студентите со правото на договорите од меѓународниот промет, објаснувајќи ги причинско-последичните врски преку примери од различните групи на договори како што се основните купопродажни договори, специјалните, индустриските и услужните договори.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест да му го предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика практикумот со наслов „Право на договорите од меѓународниот промет" од д-р Драшко Атанасоски и м-р Анета Стојановска-Стефанова да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Неда Петреска Ангеловска, вонреден професор
на Економски Институт
на Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје
Д-р Марија Ацковска, вонреден професор
на Економски Институт
на Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје**